Врз основа на член 19 став (1) точка 19) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021), а во врска со член 25 став (7) точка 10) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 18.12.2023 година ја донесе следната

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на ИОРРСМ за 2024 година

1. Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2023 година, се изработува врз основа на надлежностите на ИОРРСМ уредени со Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021) и Статутот на ИОРРСМ.
2. Во текот на 2024 година, ИОРРСМ ќе ги спроведе следните активности:

| **Активност** | | **Рок за спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 2. | Изготвување и усвојување на Финансиски план на ИОРРСМ за 2024 година. | Прво тримесечје на 2024 година |
| 3. | Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2023 година. | Прво тримесечје на 2024 година, најдоцна до 31 март |
| 4. | Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2024 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Прво тримесечје на 2024 година |
| 5. | Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување, практични семинари/работилници од областа на ревизија и сметководство. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 6. | Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |

*На 29.01.2024 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2024 година*

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Донесување на годишна и тригодишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Прво тримесечје на 2024 година |
| 8. | Спроведување контрола на квалитетот над членовите на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 9. | Континуирано усогласување / преведување на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC[1], како и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 10. | Објавување во 'Службен весник на РСМ' на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Согласно важечка законска регулатива и во координација со надлежни институции. |
| 11. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 12. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 13. | Поведување и спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите поради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 14. | Издавање на Билтен на ИОРРСМ и ажурирање на информациите објавени на веб страницата на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 15. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |
| 16. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |

[1] International Federation of Accountants - IFAC

| | | |
|---|---|---|
| 17. | Изготвување и усвојување на Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година. | Четврто тримесечје на 2024 година |
| 18. | Други работи и активности кои ќе произлезат согласно законските надлежности на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2024) |

4. Оваа Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2024 година стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**Ненад Тортевски**
**Претседател на ИОРРСМ**

*На 29.01.2024 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2024 година*